## АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ

Врз основа на член 21 став (6) од Законот за спортот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11 и 51/11), директорот на Агенцијата за млади и спорт донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ СПОРТ И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ СПОРТ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за добивање на решението за вршење дејност спорт и за формата и содржината на барањето заради недонесување на решение за вршење дејност спорт.

### Член 2

Барањето за добивање решение за вршење дејност спорт се поднесува на образец “Барање за добивање на решение за вршење дејност спорт “ во формат А4 на бела хартија даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.
Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, место за број и датум, во средишниот дел назив на барањето, општи податоци за барателот (назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице-подносител на барањето, седиште на правното лице односно адреса на физичкото лице-подносител на барањето), краток опис поради што се поднесува барањето, приложени документи кон барањето и место за потпис на подносителот на барањето.

### Член 3

Барањето заради недонесување на решение за вршење дејност спорт се поднесува на образец “Барање заради недонесување на решение за вршење дејност спорт “ во формат А4 на бела хартија даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.
Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, место за број и датум, во средишниот дел назив на барањето, општи податоци за барателот (назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице-подносител на барањето, седиште на правното лице односно адреса на физичкото лице-подносител на барањето), краток опис поради што се поднесува барањето,приложени документи кон барањето и место за потпис на подносителот на барањето.

### Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Број 08-1820/3
Скопје 4 ноември 2011 година

Директор на Агенцијата за млади и спорт,
м-р **Лазар Поповски,** с.р.

**Прилог 1**

ДО АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ
СКОПЈЕ

**БАРАЊЕ**
за добивање на решение за вршење дејност спорт

Од ____________________________________________________________
(име и презиме, односно назив на подносителот на барањето)

__________________________________ , _____________________________
(адреса односно седиште) (општина)

Барам да ми се издаде решение за вршење дејност спорт, согласно членовите 10 и 11 од Законот за спортот.

Прилог:

1. Решение за упис во централен регистер
2. Статут
3. Потврда за прием во членство во федерацијата (клуб)*
4. Потврда за стручно лице (клуб)*
5. Потврда за објект (клуб)*
6. Попис на здружено членство и опис на систем на натпревари, (поднесуваат националните спортски федерации)**

*) Документи од точките 1, 2, 3, 4 и 5 доставуваат спортските клубови
**) Документи од точките 1, 2 и 6 поднесуваат националните спортски федерации

Подносител на барањето

_________________________ _________________________
(место и датим на поднесување) (потпис и печат)

**Прилог 2**

ДО ПИСАРНИЦАТА НА
АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ
СКОПЈЕ

**БАРАЊЕ**
заради недонесување на решение за вршење дејност спорт

Од ______________________________________________________
(име и презиме, односно назив на подносителот на барањето)

_______________________________ , __________________________
(адреса односно седиште) (општина)

Молам согласно рокот утврден во членот 21 став (4) од Законот за спортот, да постапите по барањето за добивање на решение за вршење дејност спорт поднесено под бр.__________________ на ден _________________________ чија копија ја доставувам во прилог.

Подносител на барањето

_______________________ _____________________
(место и датим на поднесување) (потпис и печат)